# ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

## НАМАЛУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА СИВА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР

**Јануари, 2024**

Издавач: Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР

Веб- страна : https://lagagrolider.mk/en

Електронска адреса: lagagrolider@gmail.com

Автори: Талија Петреска

Даниела Цветаноска

„Промените започнуваат на локално ниво“ се спроведува со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Содржината на Документот за јавна политика е единствена одговорност на Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

# Кратка содржина


ВОВЕД ........ 5

Неформалната економија во Република Северна Македонија ........ 6

Неформалната економија во земјоделскиот сектор ........ 9

Скриена економија во земјоделскиот сектор во општините на локалната самоуправа ........ 12

МЕТОДОЛОГИЈА ........ 13

- Методи /Пристап/Податоци ........ 13
- Истражување ........ 13

ЗАКЛУЧОЦИ ........ 18

ПРЕПОРАКИ ........ 19

# Сивата економија ја чини државата 450 милиони евра годишно

Во Р. Северна Македонија сивата економија изнесува околу 33%. Доколку сакаме да имаме држава со подобра инфраструктура, квалитетно образование, подобра здравствена и социјална заштита, сите заедно мора да се потрудиме и да дадеме свој придонес.

# ВОВЕД

Овој документ за јавна политика ја оценува големината и развојот на неформалната економија во земјоделството во Р. Северна Македонија. За да се процени големината на неформалната економија во земјоделството, беше изведен нов модел на повеќекратни индикатори прилагоден на земјоделството. Нивото на кохезија на неформалната економија во земјоделството покажува спротивен тренд во споредба со другите економски сектори, што укажува на зголемена дивергенција од главните економски трендови.

И покрај сите предизвици со кои светот и ние како економија и општество се соочуваме во овој период – пандемијата, ценовната и енергетската криза – сивата економија како проблем останува „евергрин“. Сивата економија е еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат многу економии во развој, вклучително и нашата. Накусо, сивата економија е затајување данок, дисторзија на пазарот, нелојална конкуренција и неефикасна распределба на ресурсите. Таа ја поткопува конкурентноста на фирмите и поединците и создава неправична и незаконска „предност“ за оние што не ги исполнуваат законските обврски. Со избегнување на даночните обврски се урива системот на еднаквост и сите се оштетени.

Сивата економија е штетна за сите граѓани и затоа е клучно секој да појде од себе и да даде индивидуален придонес во решавањето на овој предизвик. Една актуелна паралела е електричната енергија и енергетската ефикасност. Ако сите заедно сме посвесни во однос на користењето на електричната енергија, сите заедно ќе плаќаме пониска цена.

Гледајќи ја големата слика и целта кон која сакаме да стигне нашата економија, и покрај многуте предизвици изминативе години откако започна пандемијата работевме на мерки и планови со кои треба да се сузбие овој горлив проблем за нашата економија. Во рамки на ова е и Акцискиот план за сузбивање на сивата економија на Министерството за финансии, којшто е дел од Акцискиот план и Стратегијата за формализација на неформалната економија на Владата. Станува збор за сеопфатен и конзистентен систем за ефикасно намалување на неформално вработените, нерегистрираните деловни субјекти и неформалните активности во рамки на формалната економија.

Неформалната економија е присутна во сите земји. Нејзиното ниво и форми се различни и се поврзуваат со степенот на развиеност на самата земја. Нивото на застапеност на сивата економија е многу тешко да се измери поради самиот карактер. Сепак, развиени се неколку методи за процена на нејзиниот обем. Станува збор за директни методи што се базираат на директни податоци собрани преку анкети, набљудувања и интервјуа со економските оператори, како и индиректни методи преку кои се утврдува степенот на сивата економија со помош на макроекономските индикатори, како што се односот помеѓу готовината и депозитите, физичкиот инпут и сл.

Општо, земјите со понизок степен на развиеност имаат повисока неформална економија, главно поради неможноста на формалниот сектор да создаде доволно работни места. Но, практиката и во земјите од ЕУ покажува дека неформалниот сектор опстојува и на повисоко ниво на развиеност. Според процените на ММФ, сивата економија во просек е на ниво од 35% од БДП во ниско и средно развиените економии, за разлика од 15% од БДП во развиените економии. На пример, процената за степенот на застапеност на сивата економија во Австрија е околу 9%, во Германија 15%, во Грција 26% итн.

Согласно последните институционални пресметки на Министерството за економија, во 2011 година неформалната економија изнесувала околу 30% од БДП. Дел од емпириските студии покажуваат дека степенот на неформална економија во Република Северна Македонија во одредени временски периоди во минатото достигнувал од 40% до 50% од БДП.

Во земјите од регионот, сивата економија се движи околу 30%. На пример, во Косово околу 39%, Црна Гора 38%, Хрватска 35%, Србија 34%, Босна и Херцеговина 34,4% и Албанија 28,3%. Накусо, не постои економија каде што сивата економија не е застапена.

Има неколку клучни фактори што влијаат врз нејзината застапеност, а тоа се: степенот на економска развиеност на земјата, степенот на дигитализација, даночниот товар, парафискалните давачки, високата регулација на формалната економија, особено на пазарот на трудот, користењето готовинско плаќање, нивото на корупција, довербата во државната администрација и даночниот морал.

**Јакнење на даночниот морал –**
**како основа за стратегија за сузбивање на сивата економија**

Не постои универзален модел за намалување на сивата економија. ОЕЦД предлага форма во три столба, со чие спроведување може да се намали овој општ економски проблем. Прво, едукација на даночните обврзници и едноставни регулативи. Второ, намалување на можностите за вклучување на сивата економија во активности и трето, зајакнување на општествените норми. Овие три столба се добра основа за градење на националните стратегии.

Во регионот, стратегиите за сузбивање на сивата економија главно се засноваат на подигнување на свеста за важноста на формализирањето на економските активности. Дополнително, Албанија, покрај кампањата, има преземено мерки за унапредување на инспекцијата и надзорот, како и олеснување на административните процедури, како и мерки за унапредување на фискализацијата. Србија, покрај интензивната кампања за подигнување на „даночниот морал“, воведе мерки за унапредување на супервизијата, даночни и фискални мерки за поттикнување на формализирање на економските активности и намалување на административното и парафискалното оптоварување.

Затоа, неопходно е низ системот на образование и јавното информирање континуирано да се преземаат активности за подигнување на свеста на граѓаните за негативните ефекти од неформалната економија и на тој начин да се влијае во насока на зголемување на даночниот морал, со што ќе се придонесе кон подигнување на квалитетот на јавните добра и услуги што ги обезбедува земјата.

**Сивата економија е горлив предизвик и за нашата економија**

Иако, изминатите години фокусот беше ставен на носење мерки и решавање на постојаните економски кризи кои последните две години му се случуваат на светот, од кои нашата економија не е исклучок, а сивата економија и понатаму останува еден од нашите најголеми предизвици. Намалувањето на сивата економија има големо значење во контекст на креирање можности за раст, планирање и спроведување на стратегиите за одржлив и инклузивен развој.

Компаниите што работат во сивата економија имаат помали можности за раст, имаат помал, дури и непостоечки, пристап до финансии, што е клучен елемент во нивниот развој. Тие не можат да привлечат квалитетен и професионален кадар, што резултира со развој на тие фирми под нивниот потенцијал. Дополнително, сивата економија е особено застапена помеѓу најранливите категории и ја зголемува нееднаквоста и сиромаштијата кај овие граѓани, додека самите работници заработуваат помалку во споредба со тие што работат во формалната економија. Државата, пак, има помала даночна основа и следствено помалку средства за квалитетни јавни услуги.

Во Република Северна Македонија сивата економија изнесува околу 33%. Доколку сакаме да имаме држава со подобра инфраструктура, квалитетно образование, подобра здравствена и социјална заштита, сите заедно мора да се потрудиме и да дадеме свој придонес. Преминот од неформален во формален сектор ќе придонесе за воспоставување предвидливо и стабилно деловно опкружување, рамноправни услови за работа и здрава конкуренција. Исто така, ќе овозможи создавање услови за рамноправен натпревар меѓу бизнисите, зајакнување на даночниот морал, како и зголемување на бруто-домашниот производ.

Ова ни кажува колку е важно да преземеме итни мерки за сузбивање на неформалната економија.

Активностите предвидени со Акцискиот план на Министерството за финансии се базираат на поддршка и стимулација на формализацијата на неформалните активности преку зголемување на погодностите од влегување во формалната економија. Активностите што се дел од Планот се базираат на позитивните искуства од земјите од Европската

Унија. Тие ги опфаќаат двете страни на неформалниот пазар – понудата и побарувачката. Така, на страната на побарувачката се предвидуваат стимулации и превентивни мерки за премин кон формални производи и услуги преку намалување на трошоците за истите и обезбедување еднакви услови за сите компании. Кај понудата, формалноста се поттикнува и ќе се поттикнува во рамки на целиот синџир на добавување, преку стимулативни мерки (и даночни погодности) за целосно формалните компании. Притоа, особен акцент е ставен на унапредување на ефикасноста на инспекциите и надзорот за да се обезбеди поголема рамноправност на сите учесници на пазарот. Мерките се однесуваат и на модернизација на процесите, како на пример е-трговијата којашто зема сè поголем замав и креира нелојална конкуренција меѓу малите и средни претпријатија, како главен двигател на економскиот развој. Приоритети се: унапредувањето на процесот на мерење, следење и детектирање на сивата економија, стимулативни активности за формализација на сивата економија, јакнење на свеста за сивата економија и јакнење на даночниот морал, зајакнување на инспекциските служби, унапредување на законската регулатива, како и спроведување мерки во делот на Царинската управа каде што ќе бидат опфатени и производите од е-трговијата. Иницијативи што исто така се очекува да имаат значаен придонес во сузбивањето на сивата економија се намалување на готовинското плаќање преку новите реформи во платниот систем и платежните услуги со либерализација на платниот промет и воведување финтек решенија покрај банкарскиот сектор од почетокот на 2023 година, потоа воведувањето на системот на е-фактури и е-фискализација од страна на УЈП, како и системот на обележување и следење „track and trace“ за акцизните добра (особено тутунот и алкохолните пијалаци) од страна на Царинската управа, како и други процеси на дигитализација во овие две институции.

Поради сивата економија државата губи милиони евра годишно. Само државниот буџет секоја година губи околу половина милијарда евра коишто би можеле да се инвестираат во здравството, образованието или инфраструктурата. Ова го покажува анализата на Стопанската комора за сивиот дел на македонската економија која што беше презентирана денеска.

Вкупно 33,2% од бруто домашниот производ годишно во државата отпаѓа на сивата економија. Процентот е на исто ниво со земјите од Западен Балкан, но е речиси двојно повисок од просекот на земјите членки на Европската Унија, кој изнесува 19,4% од бруто домашниот производ.

„Низ бројки „сивиот дел“ на македонската економија изнесува 4,282 милијарди евра, односно 1,280 милијарди евра изгубени приходи во државниот буџет. Ако како земја би успеале да се сведеме на просекот од ЕУ, со толкава сива економија би имале 450 милиони евра поголеми приходи во буџетот годишно“.

Институтот за економски истражувања и политики „Фајнанс тинк“ измери дека сивата економија во 2020 година опфаќа 23,2% од БДП. Според нивното истражување, недовербата во системот, односно нискиот даночен морал на населението, високата корупција и неефикасните институции, се главните причини граѓаните место легално, да се обидуваат да заработат заобиколувајќи го системот.

Неформалната економија има различни дефиниции. Често се опишува како ненабљудувана (ненабљудувана) економија, сива економија, скриена, неформална економија, итн. Општо земено, сите овие поими не се разликуваат значително, опфаќајќи го производството на стоки и обезбедувањето услуги кои се легални по природа, но не се декларирани на владините органи. Ова може да се должи на различни причини, како што се избегнување оданочување, лиценци, неподобност за работа дополнителни часови итн. Во Р.Северна Македонија, неформалната економија најмногу се состои од не(не)пријавена работа.

Наодите покажуваат дека, поради малата големина на земјоделските стопанства во Р.Северна Македонија, речиси сите работи на фармите ја вршат членовите на семејството. Семејното земјоделство е еден од предусловите за неформалната економија во земјоделството. Земјоделските активности со скратено работно време кои обично се спроведуваат во мал обем може да се карактеризираат со ниска одговорност. Ова е точно не само во форма на непријавена работна сила, туку и во форма на висока внатрешна или заедничка потрошувачка. Поради горенаведените докази и фактот дека поголемите земјоделски компании се принудени да бидат повеќе зависни од ангажирана работна сила во споредба со земјоделството со мал обем или со скратено работно време, може да ја дадеме следнава хипотеза: Колку се поголеми земјоделските стопанства во земјава, толку е помала неформалната економија во земјоделството.

Производство на зеленчук и овошје на отворено, сточарството, особено на фармите за млеко, исто така се смета за трудоинтензивен сектор во македонското земјоделство. Активностите за кои е потребна најмала количина на труд се одгледувањето на 'рж, пченица и други култури со ниско стопанство. Доколку има помала побарувачка за вкупна работна сила, тогаш и количината на неоткриена работна сила ќе биде помала во споредба со повеќе трудоинтензивни земјоделски активности.

Иако субвенциите се сметаат за еден од главните двигатели на сивата економија, речиси сите развиени нации обезбедуваат дарежлива финансиска поддршка за нивните соодветни земјоделски сектори. Р.Северна Македонија е исклучително зависна од субвенциите обезбедени во рамките на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП). Уделот на субвенциите во економскиот сектор има силна корелација со неформалните економски активности. Земјоделството не е исклучок, и се смета дека е точно дека високите субвенции во земјоделството под одредени услови се исто така охрабрувачки активности во сивата економија. Имајќи ги предвид горенаведените идеологии, очекуваме дека субвенциите може да имаат влијание врз степенот на неформалната економија во земјоделството во Р.Северна Македонија.

***Колку е поголемо учеството на субвенциите во приходите од земјоделскиот фактор, толку е поголема неформалната економија во земјоделството.***

Во општата економска теорија, се покажува дека колку е поголем степенот на државна интервенција во економијата, толку е поголем уделот на сивата економија. Затоа, колку е

поголемо мешањето на државата во земјоделскиот сектор, толку е поголема неформалната економија во земјоделството.




Традиционално, земјоделскиот сектор се карактеризира со високо ниво на неформалност. Значителен износ на неоткриена кооперативна помош, семејниот труд, земјоделството со скратено работно време и внатрешната потрошувачка на луѓе распространета во земјоделството. Сепак, тие не се сметаат дека не подлежат на оданочување во очите на општеството, иако се гледаат во позитивно светло, бидејќи се сметаат за дел од традиционалните активности што треба да се зачуваат. Поради овој културен аспект, некои земји го исклучуваат земјоделскиот сектор од нивните пресметки кога го оценуваат нивото на неформалната економија во земјата. Овој намален интерес од властите за неформалните активности во земјоделството можеби придонел за развојот на неформалната економија. Земјоделскиот сектор се смета за еден од главните двигатели на неформалната економија.

Поради својата двосмислена природа, неформалната економија може да се процени само приближно користејќи индиректни или хибридни методи. Вообичаено, сивата/неформалната/непријавената економија се проценува со помош на варијации на пристапот со повеќекратни индикатори за повеќе причини, кој е еден од најраспространети техники за моделирање со структурни равенки.

Друг можен извор на неточности во проценките на неформалната економија во земјоделството е преовладувачкиот пристап на примена на варијаблите што се користат за неформалната економија на целата земја, како и во земјоделскиот сектор. Овој пристап може да биде разумно ефикасен, обезбедувајќи убедливи докази за распространетоста и нивоата на сивата економија во земјоделството, се смета дека е сличен на целата економија и се претпоставува дека нема посебни карактеристики. Сепак, постојат многу докази кои укажуваат на уникатноста на земјоделството во Р. Северна Македонија во однос на зависноста од субвенции, сезонската работа и распространетоста на непријавените или семејна работа. Континуирано покривање на загубите гарантирано од државата во случај

на манифестација на деловни ризици, како што е затворање на извозните пазари поради политички причини, неповолни временски услови, субвенции на цените поради мерки за интервенција на пазарот, итн., го прават земјоделскиот сектор значително различен од другите економски сектори, каде што заедничките пропусти-фер правила одлучуваат за рамнотежата на понудата и побарувачката. Горенаведените услови бараат единствен модел, кој ги опфаќа главните детерминанти на факторите кои влијаат на развојот на неформалната економија во земјоделството за да се обезбеди убедлив аргумент за реалниот обем на неформалната економија во земјоделството и неговиот развој со текот на времето.

Неформалната вработеност во секторот земјоделство во Р. Северна Македонија во 2022 година изнесува 42,834 неформално вработени, што значајно ја надминува неформалната вработеност во останатите сектори.

***Од вкупниот број на неформално вработени лица во дејноста земјоделство, шумарство и рибарство се вработени 51% од неформално вработените работници.***

Неформалната вработеност во земјоделството традиционално апсорбира значаен дел од машката работна сила, што претставува аргумент повеќе за значајното отстапување на мажите во споредба со жените во неформалната вработеност.

Неформална вработеност во Р. Северна Македонија во одделни дејности, по видови на вработеност во 2022 година (во %)




Извор: Министерство за финансии врз база на податоци на Државниот завод за статистика (ДЗС)

## Скриена економија во земјоделскиот сектор во општините на локалната самоуправа

Како и во многу други земји, и во Р.Северна Македонија нереалното прикажување на податоците е една од главните типови за неисцрпноста. Главните причини за нереалното прикажување на податоците се да се избегнат плаќањето данок, увозните давачки, персоналните даноци и социјалните придонеси кои ги плаќа работодавецот. Нереалното прикажување на податоците е карактеристично за претпријатијата од нефинансискиот сектор, како и во секторот на домаќинства во општините.

Корекциите за нереалното прикажување на податоците за нефинансиските и за претпријатијата кои не се регистрираат, се направени на многу детално ниво на активност. Корекциите се направени според следниве чекори: – процена на непријавените плати; – процена на непријавената меѓуфазна потрошувачка; – процена на нерегистрираните вработени; – процена на нерегистрираната продажба во трговијата.

Урбаните, а особено руралните области сепак се повеќе се поврзани со националните и меѓународните пазари. Традиционалните неформални практики на урбаните и руралните заедници сега се поврзуваат со правилата и прописите на глобалните пазари. Долгогодишните практики и формалните правила формираат еластична рурална неформална економија која работи паралелно со формалната економија, во интеракција со неа долж синџирот на вредност.

**Просечно 35,5% од даночните обврски се избегнуваат или се затајуваат, а тоа изнесува околу 33% од БДП, што е огромен ресурс што потенцијално може да биде искористен за намалување на даночното оптоварување без предизвикување на фатално намалување на фискалните приходи во општините**.

Најшироката форма на активности на сивата економија на пазарот на трудот во општините е делот на вработените без договор за работа, особено во трговијата, во земјоделството, во градежништвото (повеќето сезонски работници и работници привремено вработени). Многу од компаниите пријавуваат само мал дел од платите што се реално исплатени, со цел да се избегне плаќањето на придонесите за социјално и здравствено осигурување. Постои големо отстапување меѓу реалните плати, пријавени во индустријата, земјоделството, градежниш-твото, трговијата и услужните фирми;

Пресметаниот дел од наплатениот вкупен износ кој и припаѓа на локалната самоуправа според критериум на локацијата на објектот во која е извршен прометот и сл. исто така ќе овозможи директен трансфер на средствата на уплатната сметка на општината.

# МЕТОДОЛОГИЈА

**Опис на податоците**

Податоците за истражувањето се добиени преку базите на податоци на Економските сметки за земјоделство на Еуростат и економски индекс на Р. Северна Македонија. Користењето унифицирани бази на податоци ни овозможува да ги ублажиме можните предрасуди предизвикани од различните методолошки пристапи преземени од различни даватели на податоци. Р. Северна Македонија, исто како и новите земји членки на ЕУ подлежат на истиот регулаторен режим на Заедничката земјоделска политика. Ние го ограничуваме нашето истражување на плански регион, Пелагониски плански регион кој ги опфаќа следниве општини (Прилеп, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Могила, Новаци, Битола, Демир Хисар, Ресен). Ова ни овозможува да стекнеме робустен сет на податоци што покрива временски период од 2020 -првата половина до 2023 година. Подобро е да се употреби најголемиот можен сет на податоци бидејќи подолгиот период ги намалува можните неточности, кои се подложни на промени во дизајнот на множеството податоци. Поради големите разлики во апсолутните големини на земјоделските сектори, сите податоци беа стандардизирани пред да може да се започне со економетриското тестирање.

Причинските варијабли беа избрани според изведените хипотези и тие се наведени како што следува: сектор на работа, исплата, работно време, ризични сектори, итн.

Истражувањето, исто така, се обидува да ги идентификува причините за појава на скриената економија во земјоделскиот сектор и негово пријавување, како и начините за надминување на ограничувањата наметнати од релевантните актери и нивните односи на моќ.

**Методи /Пристап/Податоци**

Истражувањето е спроведено врз основа на две димензии, примарна и секундарна. Прибирањето и анализата на примарните податоци од терен се базира на електронско и теренско истражување според претходно подготвени прашалници за лица вклучени во земјоделскиот сектор и институции кои работат во земјоделскиот сектор.

Секундарните податоци се добиени врз основа на анализа на програми, стратегии и претходни истражувања за скриената економија во земјоделство на локално, национално, европско и глобално ниво. За потребите на анализата спроведено е квантитатвно истражување со отворен прашалник и квалитативно истражување.

**Истражување**

Истражувањето, по електронски пат и диретно на терен беше спроведено во текот на месеците јули – септември 2023 година. Процесот на истражување и мониторинг на земјоделскиот сектор се спроведуваше на лица и институции поврзани со

земјоделскиот сектор во Пелагонискиот регион. Неформалната мрежа за борба против скриената економија во земјоделскиот сектор, врз основа на нивните искуства идентификуваа 5 области на истражување – Тутунопроизводство, Градинарство, Овоштарство, Житни култури и Преработка на земјоделски производи

Беа спроведени 200 анкети како алатка за степенот на скриената економија во земјоделскиот сектор, 170 прашалници на лица кои биле или сеуште се дел од скриената економија во земјодесдкиот сектор, додека пак 40 прашалници беа спроведени во компании/институции кои работат во земјоделскиот сектор.

Со ова истражување беа добиени приближно точни податоци и информации од терен во Пелагонискиот регион, како и идентификување на недостатоците, но и можностите за понатамошно подобрување во скриената економија во земјоделскиот сектор.

Истражувањето беше направено по претходно подготвени прашања развиени заеднички од тимот.

Прашалникот за лица беше составен од 12 (дванаесет) прашања, а прашалникот за институции од 8 (осум) прашања, од полу-отворен и затворен тип кои беа обработени со метод на анализа.

Со анализа на одговорите од анкетните прашалници, резултатите се претставени во облик на дијаграм и/или инфографици. Анализата се заснова на квантитавни индикатори, а за нивно анализирање и дополнување се користат квалитативни податоци од истражувања и од фокусирани групни дискусии спроведени за потребите на оваа анализа.

Од вкупниот број испитаници 72% се жени, додека 28% се мажи. Во однос на возрасната граница, 77% се испитаници над 45 години, 18% се на возраст од 35 – 45 години, 3 % се на возраст од 25 – 35 години и 2% на возраст од 18 – 25 години.

На прашањето **Дали сте постојано вработени или привремено (сезонски) ангажирани**, само 5% одговориле дека се постојано вработени во земјодесдкиот сектор, додека високи 95% одговориле дека се привремено и/или сезонски ангажирани.




Дали сте постојано вработени или привремено (сезонски) ангажирани?

Долгорочните невработени лица се далеку повеќе изложени на ризикот од ангажирање во неформалниот сектор. Неформалната вработеност може да биде последица на сезонските потреби на пазарот на труд во одделени сектори како што се градежништво, земјоделство и туризам. Овие сектори обезбедуваат работни места во сезонскиот период за одреден временски период, а поради специфичноста на овие сектори и потребата од "флексибилност", работодавачите имаат тенденција да вработуваат работници надвор од формалниот сектор. Сезонските работници имаат тенденција да се вклучуваат дополнително во неформалниот сектор, по завршување на сезонските работи, со цел дополнителна поддршка на домашниот буџет.

Во однос на секторите на ангажираност, 51% од испитаниците биле/се во секторот тутунопроизвосдство, 20% во градинарство, 8% во овоштарство, 7% житни култури и 14% во секторот преработка на земјоделски производи.




Од вкупниот процент на ангажирани лица во земјодеслкиот сектор, само 3% имаат склучено договор за нивниот ангажман, додека 97% немаат никаков писмен документ за нивната ангажиранот. Согласно овој податок, ангажирани лица и лицата/институциите кои ангажираат лица во земјоделскиот сектор, висината на дневницата ја утврдуваат усно, со што лицата кои ја земаат дневницата после завршување на работата немаат никаква сигурност за исплата на истата. Дневницата за ангажираност во земјодеслкиот сектор, изнесува од 100 до 200 денари, согласно 81% од изјавите на испитаниците.

Сите испитаници иако се ангажирани во различни сектори, сепак сметаат дека сите ангажирани се подеднакво изложени на сива економија.

За тоа **Дали досега имало контрола од Државен инспекторат за труд во секторот во кој работите**, 7% одговориле дека имало конторла, 7% дека немало, додека 86% не знаат дали имало бидејќи никогаш не виделе или слушнале дека има контрола.




Дали досега имало контрола од Државен инспекторат за труд во секторот во кој работите?

Дури и тие 7% испитаници што знаат дека имало контрола, немаат информација за исходот од контролата, ниту пак се променил нивнот статус околу ангажираноста.

Во однос на истражувањето на компаниите/институции кои работат во земјоделскиот сектор, 95.1% имаат привремено (сезонски) ангажирани лица, а само 7.3% имаат склучено писмен договор со ангажираните лица и исплаќаат придонеси за пензиско и здравствено осигурување на дополнителна работна дејност на ангажираните лица




Тоа што загрижува како податок од истражувањето е дека институциите/компаниите (96%) сметаат дека ангажирањето на лица во сива економија не претставува ризик за нивната компнија/институција, а основата на проблемот ја гледаат во недостигот на работна сила, не функционирање на системот и недоволна контрола од инспекциите.

Во однос на недоволна контрола од инспекциите, испитаниците од компаниите/институциите наведуваат дека инспекциските контроли не доаѓаат во 7 часот наутро и после 16 часот на нива, или место каде што има ангажирани лица во сива економија.

На прашањето и до компаниите/институции и до лицата ангажирани во сива економија во земјоделскиот сектор, **Доколку работниците во сива економија имаат пристап до**

**доверлива „линија“ или систем за поплаки, ќе се намали степенот на ангажирани лица во сивата економија во земјоделскиот сектор**, ни компаниите/институциите (78%), ниту пак ангажираните лица (71%) веруваат дека ќе се намали степенот на ангажирани лица во сивата економија во земјоделскиот сектор.

Дел од испитаниците дадоа свои препораки за креирање мерки и политики кои може да дадат значаен придонес кон намалување на степенот на ангажирани лица во сивата економија во земјоделскиот сектор.

**<u>Дел од препораките се следниве:</u>**

- Државата и државните институции треба да имаат поголема контрола на фирмите во земјоделскиот сектор

- Поголема институционална одговорност и доверба се клучот за скенирање на сивата економија во земјоделството

- Производителите или компаниите со над 1 хектар производна површина мора да бидат правни субјекти

- Генерално, со сивата економија по нешто добиваат компаниите, но најмногу губат ангажираните лица и државата

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Сивата економија е динамична и опстојува, но може да се намали**

Неформалната економија е активност која своите форми брзо ги приспособува на новите начини на работа и на континуираните промени во начините на економско делување и бизнис моделите. Оттука, борбата со сивата економија треба да е динамичен процес, кој будно следи и гради стратегии со кои ефикасно ќе се адресираат неефикасностите во системот како и на институциите во спречувањето на оваа појава. Трендовите на глобализација, дигитализација, прекуграничната сива економија и промените во начинот на работа и бизнис моделите остануваат предизвик, и истите треба да бидат опфатени во стратегиите за борба против оваа појава. Затоа континуирано мора да се реализираат активности за намалување на неформалната економија и нејзино понатамошно формализирање, бидејќи тоа претставува клучен чекор во воспоставување функционална пазарна економија, рамноправни можности за работа и здрава конкуренција.

Формализацијата на неформалната економија и сузбивањето на даночните затајувања ќе доведат до зголемување на даночните приходи, а со тоа и можност државата и институциите да пружаат поквалитетни услуги и поголема социјална сигурност на граѓаните.

Исто така, целта е да се зголеми и правичноста на даночниот систем, да се подобри довербата помеѓу економските агенти, државата и граѓаните, и да се зајакне даночниот морал. Формализацијата на неформалната економија е особено важна за најранливите категории граѓани, што ќе овозможи да се подобри нивната социјална заштита и сигурност, како и пристапот до други бенефиции што произлегуваат од работниот однос.

# ПРЕПОРАКИ

**1.** Да не е исплатливо да си во сивата економија. Според економската логика, ако сакаме да ја намалиме неформалната економија, треба истата да ја направиме економски „неатрактивна“. Односно, неформалната економија треба да се направи неисплатлива со цел да се намали интересот да се остане во таа зона. Кажано со стручен економски речник, треба да се зголеми опортунитетниот трошок на неформалната економија, т.е. да се зголеми изгубената корист, придобивката што ќе ја имаат доколку се вклучени во формалниот сектор. Тоа е можно со делување од една страна преку зголемување на трошоците на неформалниот сектор или ризикот од делување во неформалниот сектор, и од друга страна преку зголемување на бенефициите во формалниот сектор.
Еден од најлесните начини за значително намалување на неформалната економија во земјоделството е да се фокусираме на земјоделството со скратено работно време. Вообичаено, хонорарците се луѓе кои имаат секојдневна работа која не е поврзана со земјоделството, но слободното време го поминуваат на нивните фарми или парцели. Според Закон за работни односи, едно лице не може да работи повеќе од 36-42 часа неделно. Затоа, земјоделците со скратено работно време не можат да се пријават за земјоделските активности за да избегнат правно гонење. Овозможувањето одредена флексибилност во проширувањето на работното време може да помогне да се намали нивото на неформална економија во земјоделството во Република Северна Македонија.

**2.** Намалување на бирократијата и јакнење на институциите
Покрај овие финансиски придобивки и трошоци, исто така значајно влијание во нивото на неформалната економија има подобрувањето на деловната клима и зајакнувањето на институционалните капацитети, намалувањето на бирократијата и зголемувањето на ефикасноста на институциите, вклучително и на инспекциските служби, како и поедноставување на процедурите за регистрација и вршење бизнис. Ќе истакнам, јакнењето на формалниот сектор е силен сигнал и за инвеститорите, како за домашните така и за странските. Тие треба да препознаат силен и доверлив систем, којшто е праведен кон сите и ги штити субјектите во него.

3. Со оглед на клучната важност на земјоделството за вработување, раст на приходите и намалување на сиромаштијата, владата треба да ги смени овие трендови доколку сака да ги постигне своите секторски и национални развојни цели. Среднорочно, Рамката на расходи треба да вклучи стратегија за одржливо зголемување на јавната потрошувачка во земјоделскиот сектор. Со цел да се подобри квалитетот и ефикасноста на јавните расходи во земјоделството, има потреба од подобра приоритизација на расходите и таргетирање области кои можат да генерираат важни придобивки и приноси во ефикасноста. Буџетската доминација на повторливи мерки над развојот на трошењето е главен извор на неефикасност.

4. Потребно е модернизација на процесите, како на пример е-трговијата којашто зема сè поголем замав и креира нелојална конкуренција меѓу малите и средни претпријатија, како главен двигател на економскиот развој. Приоритети се: унапредувањето на процесот на мерење, следење и детектирање на сивата економија, стимулативни активности за формализација на сивата економија, јакнење на свеста за сивата економија и јакнење на даночниот морал, зајакнување на инспекциските служби, унапредување на законската регулатива, како и спроведување мерки во делот на Царинската управа каде што ќе бидат опфатени и производите од е-трговијата